# СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци

## КУЌЕН РЕД за ученици

за реализација на редовна настава

**Почитувани ученици,**

**Подолу Ви се наведени некои од поважните одговорности на учениците кои што треба да се почитуваат. Се надеваме дека истите доследно ќе ги почитувате, со што ќе се допринесе за поквалитетен наставен процес, заштита на здравјето и безбедноста во училиштето, за што искрено Ви благодариме.**

1. Редовната настава започнува во 08:00 часот и се реализира во една смена. Времетраењето на наставниот час е 45 минути, со мали одмори од 5 минути помеѓу секој час и еден голем одмор од 20 минути помеѓу 2 и 3 час.

2. Не доцни на часовите. Доаѓај редовно и навремено на училиште. Биди во училиштето најдоцна до 07:50 часот.

3. За време на малите одмори, остани во училницата, а за време на големиот одмор може да излезеш надвор во училиштниот двор.

4. Редовно носи го ученичкиот/училишниот прибор и биди подготвен за час пред почетокот на часот.

5. Внимавај и не зборувај за време на часот.

6. На јади, не пиј и не џвакај мастика за време на часот.

7. На часовите доаѓај пристојно облечен.

8. За време на часовите не носи капа, очила за сонце или пирс.

9. Не носи во училиштето непотребни предмети.

10. Не користи мобилен телефон за време на наставата без дозвола на наставникот.

11. Чувај го училиштниот инвентар: Не шкртај по клупите, столчињата, зидовите или вратите, не ги оштетувај проектите, постерите, штекерите, чешмите и сапуњерките во тоалетот.

12. Сè што е оштетено во училиштето од страна на учениците, целосно го надоместува (плаќа) сторителот.

13. Грижи се за хигиената во училиштето, отпадокот фрлај го на соодветно место, во кантите за ѓубре.

14. Однесувај се пристојно на одморите, не трчај по ходниците и училниците.

15. Не излегувај надвор од училишниот двор за време на наставата.

16. Учениците што ќе закаснат на некои од часовите, се должни да влезат на часот, а не да бидат во училиштниот двор.

17. Избегнувај ги конфликтните ситуации со соучениците и вработените.

18. Проблемите со своите соученици не ги решавај насилнички, агресивно и со физичко пресметување, туку веднаш извести некој од наставниците, стручната служба или директорот на училиштето.

19. Не се обраќај со погрдни и вулгарни зборови кон никого.

20. Почитувај ги соучениците, наставниците и другите вработени.

**ПОЧИТУВАЊЕТО НА КУЌНИОТ РЕД ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОГОЛЕМА ХАРМОНИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО.**

Датум: 01.09.2025 година　　　　м.п　　　　м-р Зоран Милевски, Директор

_________________________